# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

2022

# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ





## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

2022

| | |
|---|---|
| *Издавач* | Филозофски Факултет – Скопје |
| *За издавачот* | проф. д–р Ратко Дуев |
| *Уредници на монографијата* | проф. д–р Антонио Јакимовски<br>проф. д–р Војислав Саракински |
| *Рецензенти* | проф. д–р Ратко Дуев<br>д–р Бошко Ангеловски |
| *Лектура и коректура* | Даница Стрезовска |
| *Идејно решение и обработка* | проф. д–р Војислав Саракински |
| *Печати* | Европа 92, Кочани |
| *Тираж* | 100 |

Постојат многу трудови посветени на поединечни пројавувања од материјалната култура на Пајонците, а често се анализираат и пишаните сведоштва во кои се спомнати. Сепак, во македонската научна јавност се чувствува недостиг на една поголема, заокружена публикација која ќе понуди поширок и поисцрпен приказ на Пајонија и Пајонците, какви што ги гледаме во изворите и преку материјалните наоди. Подеталните анализи обично се објавуваат во изданија потешко достапни за пошироката јавност, или пак во стручни списанија што ги користат главно специјалисти. Повеќе важни трудови се објавени – како извештаи од ископувања, или пак како сумарни прикази – во гласниците на локални музеи. Згора на сè, тие често зафаќаат само еден дел од материјалните наоди, а поретко нудат толкување на пишаните извори, па затоа и не можат да го покријат целосниот општествен и политички контекст, особено во т.н. историско време.

Од тука произлезе идејата за „Пајонија и Пајонците", монографија наменета на археолозите, историчарите на антиката, класичните филолози, и воопшто сите истражувачи заинтересирани за еден поширок приказ на пајонската проблематика – од првото пројавување на специфична и самостојна пајонска материјална култура, преку раниот историски период, во кој Пајонците првпат се јавуваат во пишаните извори, па сè до конечното паѓање на Пајонија под македонска власт и слегувањето на Пајонците од историската сцена.

Оваа монографија е органски составен збир од интердисциплинарни трудови, во кои се толкуваат литературни и наративни сведоштва, се анализираат најважните археолошки наоди и се прикажуваат најновите достигања во пајонската нумизматика и епиграфија. Секој труд опфаќа различна тема и има сопствен методолошки пристап; сепак, сите трудови еднакво ги исцртуваат определниците за секое идно истражување на пајонската проблематика: потребата податоците да се разгледуваат во соодветен историски и историографски контекст; пишаните сведоштва и материјалните наоди најпрвин да се протолкуваат и, ако е можно, целосно да се расчистат, па дури потоа да се користат како основа за претпоставки; и, најпосле, археологот, историчарот и филологот еднакво да внимаваат на материјалните наоди во обидот да ги реконструираат главните интеракции и процеси во самостојната историја на Пајонците.

Веројатно најважната цел на оваа монографија се состои во намерата податоците, собрани во ваков облик, да поттикнат и охрабрат нови истражувања, со кои уште подлабоко ќе се проникне во историјата и културата не само на Пајонците, туку и на ним соседните балкански племиња и народи. Се надеваме дека, од сите поставени цели, токму оваа ќе биде најбрзо и најцелосно исполнета.

Уредниците

# СОДРЖИНА

9 Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II
Војислав Саракински

39 Пајонците во пишаните извори од владеењето на Филип II до смртта на Дропион
Стефан Пановски

75 Погребните ритуали на пајонскиот простор во периодот на транзиција од бронзеното во железно време
Александра Папазовска

111 Пајонската култура: генеза и развој
Драги Митревски

163 Керамичка продукција по долината на Вардар од VII до IV век п.н.е.
Силвана Блажевска

197 Пајонските градови преку новите археолошки откритија
Марјан Јованов

215 Пајонска нумизматика
Антонио Јакимовски, Александар Илиевски

295 Македонската стратегија Пајонија
Виктор Лилчиќ Адамс

367 Епиграфски споменици од Пајонија во римско време
Славица Бабамова

407 Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон пајонската религија)
Јовица Илиев

427 Реконструкција на античкиот храм во Билазора
Кирил Денковски

# ПАЈОНСКАТА КУЛТУРА: ГЕНЕЗА И РАЗВОЈ

Драги Митревски

За културните белези на еден народ, посебно на некој од палеобалканските народи може да се зборува единствено кога е цврсто дефинирана неговата територија и време, но и кога имаме доволно препознатливи остатоци од неговото материјално и духовно суштествување на таа територија, во тоа време.

Во случајот со Пајонците како еден од најстарите палеобалкански народи, ситуацијата е прилично извесна, бидејќи од Хомер до Херодот единствени се историските записи за пајонската територија и пајонското време. Со други зборови, неспорно е дека во периодот од XIII до V век пр. Хр., долината на Вардар ја имаме како централно пајонско подрачје, а регионите на запад и исток, по долините на Црна Река и Брегалница – како територии на простирање на пајонските племиња.

Доколку Хомер ги опишува настаните од доцното бронзено доба, каде пајонските заедници се јавуваат како сериозен фактор во тие настани – поточно, како организирана воена сила – тогаш почетокот на нивното етно-културно формирање треба да се бара порано, во текот на бронзеното доба. Од друга страна, записите на Херодот за простирањето на пајонските племиња, сè уште на истата територија, го експонира периодот на железното доба како време на конечно и целосно формирање на пајонскиот народ, со своја препознатлива култура и непрекинат културен развој, до формирањето на државата на т.н. независни Пајонци. Во секој случај, постоењето на Пајонците и нивното значајно место и улога во протоисторискиот развој на Балканот е неспорен историски факт. Прашање е само – колку, и по што, може да се препознае и детерминира нивната култура.

Со оглед на долгиот културен развој на пајонските заедници на истата територија, за очекување е тие да создале и развиле силни и доволно препознатливи културни вредности. Во секој случај, повеќе не е прифатливо мислењето, изнесено уште пред педесетина години од еминентниот историчар Н. Џ. Л. Хамонд, дека Пајонците не оставиле нешто препознатливо нивно.[1] Напротив, во изминатите децении, со интензивирањето на археолошките истражувања на бронзеното и посебно на железното време, на пајонската територија се откриени бројни нови моменти, кои значително го менуваат таквото сфаќање и експонираат силна пајонска култура со неспорен, континуиран развој низ целото бронзено и железно време. Во таа смисла, севкупниот културен развој на пајонските заедници може да се следи низ три основни фази, или низ а) ра-

[1] Hammond N. G. L. 1972, 295.

ното и средно бронзено време – како *прапајонска фаза*, б) доцното бронзено време – како *протопајонска фаза* и в) железното време – како *пајонска фаза*.

Низ истите развојни фази како Пајонците минувале и сите други палеобалкански народи, до нивното конечно организирање во првите политички заедници или првите монархии на тој простор. Патот што пајонските заедници го изминале до нивното организирање во рамките на античка Македонија или до формирањето на т.н. држава на независните Пајонци претставувал перманентен културен развој низ бронзеното и железното време. На тој пат, тие секогаш ги одржувале и ги негувале своите традиционални вредности, но и прифаќале и адаптирале на своите потреби низа влијанија и елементи од различни страни во различно време, сè до формирањето на цврста и препознатлива пајонска култура како неопходна основа за нивното етничко и политичко обединување и организирање.

### Рано- и среднобронзенодопски развој: прапајонска фаза

Во текот на првата фаза на раното и средно бронзено доба, или од последните векови на III до втората половина на II милениум, се случувало стабилизирање на новите индоевропски заедници во внатрешноста на Балканот. Меѓу нив, и заедниците на територијата што подоцна ќе се афирмира како пајонска, го започнале својот културен и историски развој. Низ таа прва етапа, сите заедници од албанскиот брег на Јадранското море до Црноморскиот брег на исток минувале низ исти културни процеси и развиле, во основа, единствени културни вредности.[2] Сите биле културно свртени кон север и органски поврзани со северен Балкан и долното Подунавје, без позначајни влијанија од југ, поради што во науката се зборува за единствен простор, често именуван како *балканско-подунавски културен комплекс на раното бронзено доба*.[3] Само во одредени региони, на пример во крајните југоисточни делови на Бугарија, се среќаваат продукти на стоковна размена со источноегејскиот и, пред сè, со западноанадолскиот простор (Троја I и II).[4] Другите региони, особено македонските простори, не биле изложени на посилни влијанија однадвор, така што таа фаза отсликува мирен развиток со стабилизирање на општоидноевропските вредности, секако во локални услови.[5]

Сите појави во еден таков широк балкански културен комплекс, во кој, условно кажано, пајонската територија заземала централна положба, сепак зависеле од географските особености на поединечните региони, од локалните ресурси и од карактерот на локалната економија. Така, во рамничарските – земјоделски региони се среќаваат населби од стариот, сè уште неолитски тип на т.н. тумби или телови, додека во сточарските подрачја се документираат мали утврдени населби на доминантни позиции, т.н. градински населби.

Во сферата на погребувањето исто така се документира разноликост на погребни форми, така што во ист регион едновремено можеле да се практикуваат и кремаци-

---

[2] Prendi F - Bunguri A 2008, 36; Gori M. – Krapf T. 2016, 103; Aslanis I. 1985; Mitrevski D. 2014, sl. 56-60, 55; Lestakov K. 2006, 14–55; Aleksandrov S. 1995, 262–268.

[3] Garašanin M. 1982, 171–175; Panajotov I. 1995, 248; Aleksandrov S. 2015, 42.

[4] Aleksandrov S. 2018, 86–93; Vasileva Z. – Minkov P. 2018, map 2.

[5] Garašanin M. 1983, 463=471 ; Mitrevski D. 2014, 55–61.

јата, и инхумацијата, во рамни некрополи или под могили – тумули. Во рамките на некои населби сѐ уште се практикувал дури и стариот, неолитски обичај на погребување.

Сепак, треба да се истакне дека македонскиот простор, со своите рамнини и силно неолитско наследство, покажува поголема конзервативност во однос на соседните балкански региони, така што процесот на индоевропеизација, а со тоа и прифаќањето на новите индоевропски погребни форми и обичаи, таму оделе побавно. Во таа смисла, за разлика од другите региони на запад и исток од македонскиот простор, во Пелагонија, по долината на Вардар, до Струма не се откриени вообичаените рани индоевропски погребувања под тумули со т.н. јамски гробови. Дури кон крајот на раното бронзено доба се јавуваат првите форми на организирани некрополи надвор од населбите, и тоа како рамни некрополи со згрчена инхумација во гробови- цисти. Најдобар претставник на таа појава е некрополата откриена кај Варош во Прилеп.[6] Таквиот начин на погребување ќе се востанови како основа на пајонската погребна идеологија, развивајќи се низ сите останати праисториски периоди до железното време, кога ќе се експонира како еден од најсилните белези на пајонската култура.

Посебен белег на раното и средно бронзено доба му даваат светилиштата на отворено, на високи позиции со разни структури, најчесто длабени во карпа, какви што се познати најмногу во северните делови на Пелагонија, во кумановско-кратовската област или во Родопите и југоисточна Бугарија.[7] Сите нивни белези упатуваат на сѐ уште единствени религиозни потреби и единствен начин на нивно практикување.

Најсилен израз на културно единство во раното бронзено доба била керамичката продукција, во која на целата територија во внатрешноста на Балканот се јавуват новите форми на садови (сл.1). Од таа керамографија, низ следните фази на бронзеното доба и низ железното време ќе се развиваат регионалните керамични продукции, сѐ повеќе експонирајќи ги своите локални белези.

Во таа смисла, уште кон крајот на раното бронзено доба по своето значење и богатата керамичка продукција во Пелагонија и денешните северозападни делови на Грција се издвојува т.н. *Пелагониска или Арменохори културна група*.[8] Таму се познати бројни населби како Висок Рид – Букри, Тумба – Карамани, Тумба – Радобор, Арменохори, Мандало, Архонтико и други, со своја богата и цврсто детерминирана керамографија.[9] Нејзини најблиски паралели се наоѓаат по долината на Вардар (Чаушица, Кастанас, Демир Капија), но и на север, во горното Повардарје, кај т.н. *Скопско-Кумановска група*, која пак била непосредно поврзана со Поморавјето од една, но и со западнотракиските области од друга страна.[10] Во секој случај, керамичката продукција од раното бронзено доба на тој простор се смета за извориште на целата подоцнежна керамографија и израз на веќе заокружена и заедничка културна основа на идните пајонски и горномакедонски заедници.

[6] Китаноски Б. 1978, 33–58.

[7] Stankovski J. 2002 ; Fol V. 2007; Najdenova V. 1990; Stankovski J. 2007; Stankovski J. – Temelkovski A. 2017, 47–58.

[8] Garašanin M. 1982, 172; Garašanin M. 1983, 463–471; Mitrevski D. 2013, 174.

[9] Mitrevski D. 2016, 125; Trajkovska L. 1999; Mitrevski D. 2013, 173–181, sl. 56–59; Heurtley W. A. 1939, 79, fig. 218–379; Aslanis I. 1985.

[10] Bulatović A. – Stankovski J. 2012, 198, карта 2.




Сл. 1. Основни керамични форми од раното бронзено доба на среднобалканскиот простор

## Доцнобронзенодопски развој: протопајонска фаза

Во текот на доцното бронзено доба или во втората половина на вториот милениум пр. Хр., заедниците од т.н. пајонска територија влегуваат во својата втора развојна фаза, во која направиле значаен чекор напред во формирањето на пајонскиот културен идентитет. Поради тоа таа фаза ја сметаме за протопајонска фаза.

Во тој период, долината на Вардар се експонира како главна комуникациска линија во правец север–југ и по неа навлегуваат културни влијанија и елементи од егејската култура на доцното бронзено доба. Така, заедниците по долината на Вардар со притоките и културно се отвораат и се ориентираат кон југ, востановувајќи тесни контакти со микенскиот свет. Со интензивирањето на тие контакти, предизвикани пред сè од микенскиот интерес и потреба за ресурси (бакар, злато и дрво и сл.) некаде кон XIV век пр. Хр. се формира т.н. *Повардарска* или *Уланци група* на доцното бронзено доба. Во текот на својот полн развој (XIV–XII век пр. Хр.) таа ќе биде најсилна појава на територијата од Струма на исток до Пелагонија на запад, и од Скопско на север до вливот на Вардар на југ (сл. 2).

На тој простор се откриени бројни населби и некрополи од тоа време, и сите манифестираат единствени вредности на материјалната и духовната култура. Во неа, значајно место имаат елементите од домашната бронзенодопска традиција, но и еле-

ментите од доцномикенската култура, прифатени и адаптирани на локалните потреби и вкус (сл. 3 и 4). Носителите на таа група се позиционираат како заедници во најтесна релација со развиениот егејски свет. Благодарение на тие релации, повардарските заедници предничеле со својот развиток во однос на другите, поконзервативни региони на Балканот. Сепак, тие биле во слична културна позиција како и другите заедници во соседството кои имале слични релации со микенскиот свет, како оние по долината на реката Девол во југоисточна Албанија, по средниот и долниот тек на Халиакмон, или пак оние во Солунско-халкидичкиот регион.




Сл. 2. Карта на распространетост на локалитети од Повардарската или Уланци група на доцното бронзено доба: 1 Кастанас, 2 Вардарофца, 3 Вардино, 4 Чаушица, 5 Килиндир, 6 Мрдаја, 7 Кофилак 8 Вардарски Рид, 9 Демир Капија, 10 Чаир – Тремник, 11 Мали Дол, 12 Водоврати, 13 Уланци, 14 Столот, 15 Стиби, 16 Манастир –Чашка, 17 Бежанија – Криви Дол, 18 Бели – Кочани, 19 Кале – Виница, 20 Стрновац – Војник, 21 Драгоево, 22 Долно Соње, 23 Говрлево, 24 Варош – Прилеп, 25 Скопско Кале, 26 Брвеница, 27 Скупи

Од друга страна, пак, пишаните извори за пајонски воени одреди од долината на Вардар, кои учествувале во одбраната на Троја од Ахајците, претставуваат историска потврда на доцнобронзенодопските заедници од Повардарската или т.н. Уланци група и укажуваат на значајното место и улога што тие го имале во некои од најголемите историски настани на тоа време.

До пред неколку години постоеше сомнеж дека податоците за Пајонците кај Хомер можеби не се однесуваат на доцното бронзено време, туку на неговото, железно време. Меѓутоа, денес археологијата ги има во целост потврдено тие податоци како ве-

родостојни и невообичаено прецизни – барем оние што се однесуваат на хомеровите Пајонци. Колку и да е неочекувано да се зборува за организирана пајонска воена сила под водство на конкретни војсководци уште во тие рани времиња, сепак археолошките наоди од доцното бронзено доба по долината на Вардар го потврдуваат токму тоа. На тоа најповеќе укажуваат карактерот и белезите на Повардарската или Уланци група: тие отсликуваат силно организирано и високо канонизирано општество, кое имало изградено тесни релации со Егејскиот свет на доцното бронзено доба и можело да претставува значаен фактор во историските настани од тоа време. Најдиректна илустрација, пак, за постоењето на одредена воена организација имаме во наодот на познатата надгробна стела од некрополата во Уланци. Стелата не е помлада од XIII век пр. Хр., а на неа е врежан машки лик во полна воена опрема, што упатува на гроб на војсководец (сл.5). Претставеното оружје и воено облекло означуваат јасни инсигнии на воено достоинство (торквеси, ремени, појас и облека на која се закачени воена секира и бодеж).



Сл. 3. Локална керамика од доцното бронзено доба од Уланци

Во секој случај, во повардарското население од доцното бронзено доба лесно можеме да ги препознаеме Хомеровите Пајонци како носители на т.н. Повардарска или Уланци група. Затоа, мора подетално да се запознаеме со културата на доцното бронзено доба по долината на Вардар.

Во сегашниот степен на истраженост на доцното бронзено доба, познати се бројни наоѓалишта по долината на Вардар кои покажуваат единствени културни белези. Населбите имаат единствена организација на населбинско живеење, единствени вредности на станбената архитектура и исти движни наоди, додека во некрополите се практикувал единствен ритуал на погребување со силно канонизирани погребни форми и обичаи. Во основа, сите наоѓалишта покажуваат мирен и стабилен развој низ XIV и XIII век, приближно до почетокот на XII век пр. Хр.

Најјужната населба ја имаме во Тумба – Кастанас, каде низ целото доцно бронзено доба е документиран интензивен, а мирен и стабилен развој. Сепак, веќе кон кра-

јот на XIII и посебно во слоевите од XII век се документираат нови појави и немирни времиња, исполнети со деструкции и продор на културни елементи од север.[11] Низ истите процеси минале и соседните долновардарски населби, како Вардарофца, Вардино, Чаушица и Килиндир. Сите тие имале јаки слоеви од доцното бронзено доба сè до околу почетокот на XII век, кога речиси во исто време сите биле насилно урнати и опожарени.[12] Во нивната стратиграфија, бронзенодопското живеење завршува со спален слој, во кој се среќаваат последните бронзенодопски наоди. Во тој слој, на пример, во Килиндир на неколку места се откриени непогребани скелети и поединечни наоди на бронзено оружје карактеристично за крајот на бронзеното доба.[13] Таа населба повеќе не била обновена, додека реокупацијата на другите населби (Чаушица, Вардино, Вардарофца) се случила дури откако минале немирните времиња со востановување на сосема нова, железнодопска култура.




Сл. 4. Локална мат сликана керамика по Вардар:
1, 2 Уланци 3 Водоврати, 4 Мали Дол, 5 Говрлево

Сите овие појави уште подобро се документирани во посеверните наоѓалишта, каде сликата ја дополнуваат и бројните некрополи од тоа време.

Во Мрдаја на Дојранското Езеро е истражувана палафитна населба која претставува уште еден пример на доцнобронзенодопска населба која, иако мала и од посе-

---

[11] Hansel B. 1985; Andreu S. – Fotiadis M. – Kotsakis K. 1996, 580.

[12] Casson S. 1926, 121–132, fig. 37, 39, 40; Heurtley W. A. 1939, 214–221.

[13] Casson S. 1926, 132.

бен тип, сепак го имала истиот развој и истата судбина како и останатите. Нејзината стратиграфија отсликува економски мошне јако и стабилно живеење во текот на доцното бронзено доба, кое завршува со слој на тотално уривање со опожарување, после што населбата повеќе не била обновена.[14] Во последниот, спален слој меѓу другото е откриена и една бронзена секира – келт од севернобалкански тип, кој како нова, туѓинска форма во повардарската култура може да се смета за дел од вооружувањето на рушителите (сл.6).[15]





Сл. 5. Надгробна стела од Уланци

Останатите доцнобронзенодопски населби по долината на Вардар биле позиционирани на доминантни возвишенија, но на недоволно безбедна позиција. Така, на пример, населбата на Вардарски Рид се наоѓала на источните падини на низок рид, свртена кон коритото на реката Вардар. Тоа била релативно мала населба, од која се откриени остатоци од неколку правоаголни куќи градени од непечени тули.[16] На спротивната, западна страна на ридот се наоѓала соодветната некропола. Погребувањата во неа биле вообичаени за целата повардарска (т.н. Уланци) група некрополи, со згрчена инхумација во конструкции цисти (правоаголни јами) и прилози аналогни со наодите во населбата (сл.7). Животот во населбата, како и користењето на некрополата, биле прекинати околу XII век пр. Хр., за подоцна, во текот на железното време, да биде повторно обновен и со далеку посилен интензитет да продолжи да се развива како антички град Гортинија сè до доаѓањето на Римјаните. Сепак, за време на користењето на доцнобронзенодопската населба на Вардарски Рид, на неколку стотини метри оддаленост – на соседниот, повисок, природно далеку позаштитен и далеку побезбеден рид

[14] Ријак З. – Сламков Е. 2021, цр. 1, сл. 2.

[15] Ријак З. – Сламков Е. 2021, Т. 15–4.

[16] Videski Z. 2005, 96.

познат како Кофилак или Богородички Рид, се откриени остатоци од еднослојна употреба како збег во кризните времиња на крајот на бронзеното време (сл.8).[17]

Одејќи на север по долината на Вардар, следната истражувана населба од доцното бронзено време е онаа на локалитетот Чаир во село Тремник кај Неготино.[18]



Сл. 6. Керамика од доцното бронзено доба од Мрдаја – Дојран

На средно високо возвишение свртено кон коритото на реката Вардар, во најдолните слоеви се откриени остатоци од бронзенодопска населба, врз кои се стратифицирани слоеви од поголема предримска населба, за која се претпоставува дека е античкиот град Антигонеја. Слоевите од бронзеното време се истражувани на крајно ограничен простор, така што не се откриени позначајни структури освен ситни, главно

[17] Videski Z. 2005, 96.

[18] Истражувањата се во тек; за информациите му изразувам благодарност на М. Јованов, раководител на истражувањата.

керамични наоди. Меѓутоа, на неколку стотини метри јужно од населбата, во месноста Мали Дол е истражувана некрополата од таа населба, која е позната како една од најзначајните некрополи од крајот на бронзеното доба и почетокот на преодниот период по долината на Вардар (сл.9).[19]

Некрополата Мали Дол – Тремник е типичен претставник на повардарските некрополи од доцното бронзено доба, со идентични манифестации со другите повардарски некрополи во рамките на т.н. Повардарска или Уланци група.[20] Сепак, посебноста на Мали Дол е во тоа што таму јасно се издвојуваат два хоризонти на погребување, со два различни културни инвентари. Врз постарата, локална доцнобронзенодопска некропола, со вообичаени згрчени инхумации во гробови цисти од камени плочи, на неколку места се откриени погребувања со спалување во урни (сл.9). Тие се издвојуваат како нова појава, поврзана со нов погребен ритуал, но и нови форми на материјална култура. Неколку такви погребувања со кремации во урни се откриени директно вкопани врз покривните плочи од постарите гробови-цисти со инхумација, што најдиректно покажува дека станува збор за помлада појава и за погребувања на новодојденци, кои кусо време ја користеле старата некропола од доцното бронзено доба заедно со локалното население. Карактерот на новите погребувања со кремација во урни, заедно со прилозите врзани за нив, како и нивниот однос со постарите погребувања јасно покажуваат дека станува збор за импакт на нови културни вредности, дотогаш непознати во Повардарјето (сл. 10).



Сл. 7. Дел од некрополата од доцното бронзено доба на Вардарски Рид – Гевгелија

[19] Папазовска А. 2018; Papazovska A. 2019.

[20] Mitrevski D. 2003; Митревски Д. 2013.




Сл. 8. Позиција на збегот „Кофилак", снимен од истовремената населба на Вардарски Рид

На околу дваесетина километри северно од Тремник се наоѓаат некрополата и населбата од доцното бронзено време во селото Уланци кај Градско (сл. 11). Некрополата е најпознатото, епонимно наоѓалиште за Повардарската група, каде се истражени 125 гробови. Нивната организација, погребни форми, обичаи и гробни прилози претставуваат убава илустрација на добро организирана заедница со стабилно и мирно живеење во текот на XIV и XIII век пр. Хр.[21] Сето тоа е јасно видливо најпрвин во планското користење на сепулкралниот простор, а притоа и преку погребниот ритуал, гробните форми и обичаи, кои биле во целост изградени и единствени. Гробните прилози претставуваат стандардни локални форми, без некое позначајно присуство на оружје во гробовите (сл. 2, 3, 20). Најстарите погребувања можат да се датираат во XIV век, а последните во XII век пр. Хр.

Населбата од таа некропола се наоѓа на околу двеста метри јужно, на мало но доминантно возвишение наречено Столот (сл. 11).[22] Населбата го зафаќала зарамнетото плато заградено со сувоѕид од кршени крупни камења, каде можеле да се сместат не повеќе од десетина куќи. Населбата егзистирала во текот на доцното бронзено доба, кога биле создадени три културни слоја, во кои се откриени наоди идентични со гробните дарови во соседната некропола. Иако не е истражена во целост ниту една градба, сепак евидентно е дека станбената архитектура во сите три населбински слоеви била од плитарни тули. Притоа, последниот слој се издвојува како спален слој на целата површина на населбата, кој очигледно бил формиран од насилно уривање и опожарување на последното живеење, после што населбата веќе не била обновувана. Во исто време прекинала да се користи и некрополата. Според сето тоа, може да се заклучи дека во Уланци се одвивал мирен доцнобронзенодопски развој (XIV–XIII век пр. Хр.), сè

[21] Mitrevski D. 1998, 449; Videski Z. 2006, fig. 1; Митревски Д. 2013, сл. 50.

[22] Mitrevski D. 1998, φig. 6, 7; Mitrevski D. 1997, fig. 9, p. 44–45.

до насилното рушење на населбата на Столот и нејзино опожарување, некаде во текот на XII век. Населбата повеќе не била обновена, а рушителите не оставиле позначајни остатоци од својата култура.



Сл. 9. Дел од некрополата на Мали Дол – Тремник

Наспроти ситуацијата во Уланци, неспорни остатоци од рушителите се откриени на локалитетот Манастир–Чашка кај Велес, на триесетина километри северно од Уланци.[23]

Локалитетот Манастир–Чашка претставува мала, но очигледно економски јака доцнобронзенодопска населба на доминантна позиција со зарамнето плато, заштитено со бедем од кршени камења. На целата површина во внатрешноста е откриен моќен слој од последното живеење, со остатоци од силна деструкција и целосно опожару-

[23] Јовчевска Т. 2008. Поради откриените скелети, населбата на Манастир – Чашка првично е погрешно определена како некропола.

вање, после што населбата не била повеќе обновена (сл. 12).[24] Станбените објекти биле градени со плитарни тули, од кои се откривани само делови, како и целиот внатрешен инвентар во моментот на опожарување, како огништа, остатоци од вертикални разбои, камени рачни мелници, складишни садови и бројни други форми на керамика, алатки и друго. Сите тие наоди имаат паралели во материјалот од останатите наоѓалишта по долината на Вардар, од XIII до XII век пр. Хр., при што изгорениот слој од последното живеење му припаѓа на XII век пр. Хр. Меѓу другото, во него се откриени и поедини форми на оружје од северно потекло како бронзени секири – келтови, како и поедини врвови од копја и стрели, кои се туѓи форми во локалната доцнобронзенодопска култура и чие потекло обично се врзува со регионите на северниот Балкан и Подунавјето (сл. 13). Според нивниот карактер и типологија, несомнено им припаѓале на рушителите на населбата. И не само тоа, можеби најсилната илустрација за напаѓачите од север и за самиот чин на деструкција на населбата на Манастир–Чашка се остатоците од неколку нагорени животински и посебно човечки скелети, кои како жртви на деструкцијата останале во спалениот слој со сите други остатоци од деструкцијата, незакопани. Слична ситуација со незакопани жртви од истото време е позната од споменатата населба во Килиндир кај Кукуш.[25]



Сл. 10. Гробни прилози од некрополата во Мали Дол

[24] Јовчевска Т. 2008, 19–22, Т. II, Т. III.

[25] Casson S. 1926, 132.




Сл. 11. Дел од некрополата во Уланци со позиција на соодветната населба во месноста Столот



Сл. 12. Остатоци во спалениот слој на населбата Манастир – Чашка

Во секој случај, во населбата Манастир – Чашка го имаме најсликовитиот приказ не само на рушењето на самата населба, туку и на причините и процесите што го предизвикале крајот на Повардарската или Уланци група на доцното бронзено доба.

Сликата за доцното бронзено доба во Повардарјето ја заокружуваме со ситуацијата во горното Повардарје и Скопско. Таму се издвојува населбата на скопското Кале како најсеверен пункт од тој културен круг. Таа претставува четврта населба (Кале IV) во генералната стратиграфија на скопската тврдина – Кале.[26] За разлика од претходната, трета населба од средното бронзено доба, таа била просторно значително поголема, со поголеми куќи и побогат инвентар. Станува збор за економски јака населба од која се истражени четири куќи, градени со дрвена скелетна конструкција и плитар. Должината им се движи од 5 до 8 метри, а широчината од 4 до 6 метри, често со една страна апсидално решена (сл. 14). Меѓу движните наоди се јавуваат керамични форми вообичаени за сите локалитети од доцното бронзено доба во Повардарјето, меѓу кои како куриозитет се издвојува една субмикенска амфора (сл. 15). Населбата била трипати обновувана сè до XII век пр. Хр., кога конечно згаснала и повеќе не била обновена, а со споменатата амфора е одбележана нејзината последна употреба.[27]



Сл. 13. Дел од наодите (бронзени воени секири – келтови) во спалениот слој на Манастир Чашка

Како во појужните делови на Повардарјето, така и во скопскиот регион и горното Повардарје низ доцното бронзено доба било практикувано погребување со згрчена инхумација. Такви некрополи засега се откриени во Брвеница кај Тетово и на просторот под античкиот театар на римско Скупи во Скопје.[28] Наодите и сите останати појави во тие некрополи се аналогни на другите повардарски некрополи. Уште повеќе, во Скупи, покрај вообичаените згрчени инхумации се откриени и неколку погребувања со кремација во урни. Тие имале ист однос со постарите инхумации како и во случајот со Мали Дол – Тремник.[29] Со нив се документира истиот продор на новодојденците од север во Скопскиот регион, каде исто така покажуваат извесно задржување. Најдобра илустрација за тоа имаме во познатата некропола со гробови-урни на локалитетот Хиподром, во рамницата на Скопско Поле (сл. 16).[30]

---

[26] Mitrevski D. 2016, 15.

[27] Mitrevski D. 2016, 65; Mitrevski D. 2019, 76-78, fig. 44.

[28] Abazi Lj. – Tolevski I. 2018, 107–113; Mitrevski D. 2019, 79; Jovanova L. 2015.

[29] Jovanova L. 2015; Папазовска А. 2018, 10, сл. 7.

[30] Mitrevski D. 1994.



Сл. 14. Доцнобронзенодопски куќи од Скопско Кале




Сл. 15. Поедини наоди од доцнобронзенодопската населба
на Скопско Кале, со субмикенската амфора (бр. 3).

Сликата за доцното бронзено време на, условно кажано, пајонска територија, врз основа на тоа што ни го нуди археологијата, може да се сведе на неколку најопшти моменти.

Најпрвин, почетокот на доцното бронзено доба се случил нешто покасно, дури по продорот на првите микенски елементи во посеверните делови на Повардарјето, каде ги имаме наодите на микенскиот меч од Тетово и мермерното капаче за уште еден таков меч од Маркова Сушица.[31] Најверојатно дури тогаш се афирмирал повардарскиот пат како главна комуникациска линија од Егеја кон внатрешноста на Балканот, што бил клучниот момент за ширење на микенските влијанија, а со тоа и за формирање на локалната т.н. Повардарска или Уланци група на доцното бронзено доба. Дури тогаш (околу почетокот на XIV век пр. Хр.) посеверните повардарски заедници културно се свртуваат кон југ и индиректно се поврзуваат со микенскиот свет.

Вториот момент зборува за мирен и стабилен локален развој на таа култура низ XIV и XIII век пр. Хр., со единствени белези долж целото Повардарје, кои покажуваат високо изградени критериуми, базирани во добра мерка врз влијанијата од југ.

Најраните микенски продукти претставуваат импортирано оружје, и тоа во најдалечните, но рудоносни региони во Горното Повардарје, како познатиот микенски рапир од Тетово и мермерниот накрајник – капаче за сличен таков меч од Маркова Сушица кај Скопје.[32] Според наодот од Маркова Сушица тие биле прилози во гробови на локални поединци, погребани во гробови со локална, уште среднобронзенодопска керамика. Ако на тоа ги додадеме и наодите на микенско оружје во Игларево, соседно Косово, тогаш е сосема јасно дека најраниот микенски продор по Вардар бил насочен кон рудоносните области на север, а одбележан со појавата на микенско оружје во локалните средини.[33]

По таквиот првичен продор на микенски елементи, веќе во XIV век пр. Хр. бил отворен патот за перманентна, главно трговска комуникација на локалното повардарско население со микенскиот свет. Врз локалната бронзенодопска културна основа се наслојувале влијанијата од егејскиот југ, создавајќи така посебно и доволно препознатливо културно миље. На тој начин започнал доцнобронзенодопскиот развиток во Повардарјето, кој во текот на XIV и XII век се интензивирал во рамките на т.н. Повардарска или Уланци група на доцното бронзено доба.[34] Се појавуваат бројни нови населби и некрополи, кои својата употреба ја имале главно во рамките од XIV до XII век пр. Хр., а старите, повеќеслојни праисториски тумби во Долното Повардарје токму во тој период го имаат својот полн подем (сл. 2).

Учеството на микенските влијанија во креирањето на Повардарската или Уланци група било одбележано со прифаќање на низа елементи од југ во безмалку сите сфери, во населбинското живеење, материјалната култура, дури и во погребувањето. Тие влијанија секако биле посилни во Долното, отколку во Горното Повардарје, но во секој случај се присутни од Кастанас на југ, до Скопско Кале на север.

---

[31] Nasteva I. – Videski Z. 1996; Mitrevski D. 1998, 450–451, φig. 1 & 3.

[32] Mitrevski D. 1998, fig. 1, fig. 2.

[33] Луци К. 1997; Ljuci K. 2007.

[34] Mitrevski D. 2003; Mitrevski D. 2013.




Сл. 16. Погребувања во урни од Хиподром кај Скопје

Во архитектурата се појавуваат медитеранско-егејски елементи на градење со користење на непечена тула, наместо дотогашната балканска праисториска архитектура. Таквите градби на правоаголна основа, честопати со апсидално решена челна страна, се најпознати од населбата на Кастанас, но присутни се и на север (Кофилак и Вардарски Рид кај Гевгелија, Столот – Уланци до Скопско Кале) (сл. 14).[35]

Микенските елементи се најевидентни во материјалната култура, било да се тоа населбинските наоди или гробните прилози. Меѓу нив доминира керамиката, која се јавува во сите три групи, што се плод на контактите со микенскиот свет и тоа како: а) микенски импорт, б) локални копии на микенски форми, и в) локална мат сликана керамика.

Микенските садови биле импортирани најчесто од микенска Тесалија. Најбројни се во јужното Повардарје, најповеќе во Кастанас, но се среќаваат и на север, како во Демир Капија, Уланци или најмладиот таков наод, субмикенската амфора од Скопско Кале.[36] За сметка на тоа, многу позастапени се садовите со микенска форма, но работени на рака, од домашна глина и домашни мајстори (сл. 17). Такви садови, најчесто во форма на алабастрони и амфорискоси, се откривани долж целото Повардарје. Се среќаваат најчесто како гробни дарови, во некрополите како Кошур – Долно Соње кај Скопје, Водоврати – Градско, Уланци – Градско, Демир Капија и други.[37]

Далеку најбројни се садовите работени под егејско влијание, познати како локална мат-сликана керамика. Како и во другите региони под силно микенско влијание, и во Повардарјето таквите садови претставуваат локален одговор на микенската керамика (сл. 4 и 18).

Како придобивка од непосредните контакти, пред сè со северноегејското подрачје, по долината на Вардар уште во раната фаза на доцното бронзено време (слој 18 во Кастанас) почнала да се продуцира керамика, на рака, но од прочистена глина, светло печена и украсена со мат сликана декорација, распоредена најчесто околу рамото

[35] Videski Z. 2005, 91; Mitrevski D. 2006.

[36] Podzuweit C. 1979; Podzuweit C. 1986; Mitrevski D. 1998, 449; Mitrevski D. 1999.

[37] Mitrevski D. 1998, fig. 4.




Сл. 17. Микенски импортирани садови и локални копии на микенски форми по долината на Вардар: 1 Водоврати, 2,3, 11, 12 Уланци, 4 Мали Дол, 5,8 Г. Соње, 6,9 Демир Капија, 10 Криви Дол




Сл. 18. Локална мат сликана керамика по притоките на Вардар: 1, 2, 3, 4 Манастир – Чашка, 5, 6 Драгојево, 7 Стрновац, 8 Варош, 9 Бежанија – Криви Дол

на садот со боење по микенски терк – на ободот, вратот, рачките и долната зона околу дното. Притоа биле користени најпопуларните форми од локалната доцнобронзенодопска керамографија, како кантаровидните, амфоровидни садови, бокали со косо засечен врат и слично.

Во споредба со другите региони во кои се среќава локалната мат-сликана керамика, се чини дека по долината на Вардар таа била најшироко продуцирана. Се среќава не само во Повардарјето туку и по непосредните притоки на Вардар или по долините на Брегалница, Црна Река, Тополка и Пчиња. На тој начин, таа го дава главниот белег на целата доцнобронзенодопска култура во регионот на вардарскиот слив.



Сл. 19. Гробови со појаси од минијатурни лабриси од Уланци

Меѓу другите појави во материјалната култура на доцното бронзено доба по долината на Вардар, кои биле под евидентно влијание на егејското бронзено доба, се издвојуваат приврзоците во форма на двојни секири. Тие како култни предмети се јавуваат во некои погребувања што се издвојуваат по својата содржина како гробови на жени со посебно место и улога во заедницата.[38] Најпознати се две такви погребувања (гроб 54 и 82) од некрополата во Уланци, каде по петнаесетина двојни секирки формирале ритуални појаси (сл. 19 и 20).

Од истата егејска инспирација произлегуваат и формите на бронзени ножеви што се откриваат по долината на Вардар, како единствени форми на оружје, иако можеби повеќе треба да се третираат како алатки, одошто како оружје (сл. 20). Вистинско

[38] Papazovska A. 2017.

оружје (мечеви, копја, стрели и сл.) засега не се откриени во наогалиштата од доцното бронзено доба по Вардар, што заедно со самата организација на некрополите и единствените погребни обичаи претставуваат најсилен индикатор за мирниот развиток низ XIV и XIII век пр. Хр.

Мирниот доцнобронзенодопски развој бил најверојатно обезбедуван со постоење на организирана воена сила, за што зборува споменатата камена стела од Уланци, но и градењето на поедини т.н. војничко-стражарски пунктови на доминантни стратешки позиции. Такви најверојатно биле локалитетите како Кофилак кај Гевгелија или Врањак во Скопско, но и пунктовите како Каменска Чука и Крсто Покровник кај Благоевград на Струма.[39]

Во секој случај, мирниот развиток на пајонските заедници од доцното бронзено доба траел до почетокот на миграциите и немирните времиња што го зафатиле овој регион, посебно долината на Вардар како централно комуникациско подрачје на Балканот, во XII и XI век пр. Хр. Тие дефинитивно го прекинале натамошниот континуиран развој на Повардарската група, како и дотогаш негуваните контакти со егејскиот свет.



Сл. 20. Разни типови на бронзени сечила од Уланци

[39] Stefanovich M. – Bankoff H. A. 1998; Stefanovich M. – Kulov I. 2007.

Ваквите деструктивни настани, археолошки потврдени кај сите наоѓалишта од Повардарската или Уланци група, биле предизвикани од долготрајни продори на различни заедници од северниот, низ централниот Балкан кон југ, кон веќе урнатите микенски центри. Носителите на тие продори ги погребувале своите мртви со кремација, чија појава – во средина во која дотогаш се практикувала инхумација во згрчена положба – несомнено документира ново население. Ова население стигнало од посеверните области, најверојатно од Поморавјето и од Косово, од каде било потиснато од други, посеверни заедници и одредено време се стационирало на различни пунктови по долината на Вардар, од каде најверојатно воено продирало кон југ и повторно се враќало назад. Поради својата долготрајност, овие настани оставиле значајни последици по натамошниот културен развој не само на пајонските заедници, туку и на целиот околен Балкан. Со нив била затворена втората (протопајонска) фаза во конечното формирање на пајонската култура и започнал периодот на транзиција од бронзено во железно време.

### Железнодопски развој: пајонска фаза

Последната, трета фаза претставува финално заокружување на пајонската култура и се случила во железното време. Тогаш, во текот на првата половина на II милениум завршило и конечното формирање на пајонскиот народ, составен од повеќе регионални заедници или племиња, кои историските извори ги потврдуваат на територијата од Струма на исток, до Пелагонија на запад. Сепак, заокружувањето на нивните културни белези можело да почне дури по стабилизирањето на економските, социјалните и културните прилики, по немирните времиња од преодниот период. Така, раното железно време или периодот од X до VIII век пр. Хр. се издвојува како време на враќање на животот и почеток на етно-културно стабилизирање, посебно по главните комуникациски региони, како долината на Вардар.

Дури во текот на полното железно време, или од VIII до VI век пр. Хр. ќе се создадат сите услови за непречен културен развој по региони. Во тоа време, сите заедници ќе можат да ги развиваат своите сопствени културни вредности во рамки на повеќе локални групи. Кога станува збор за заедниците од пајонската територија, сите тие покажуваат исти вредности на материјалната и духовната култура, со извесни разлики единствено во локалната керамичка продукција.

Од друга страна, подемот на металургијата во полното железно време ќе им обезбеди на поедини заедници – оние со изразени и лесно достапни ресурси на бакар и железо, и пред сè, со металуршко знаење – брз и интензивен општествен, економски и културен развој. Така, одредени региони и заедници ќе предничат во однос на останатите. Ова посебно се однесува на пајонските заедници, меѓу кои јужнопајонските или долновардарските, со својата географија, ресурси и културна традиција, ќе си обезбедат најбрз развој и лидерска позиција.

Сепак, најголемиот дел од културните појави од тоа време се карактеристични за целата територија на пајонските племиња како израз на една, единствена и јасно препознатлива пајонска култура на железното време. Во таа смисла, најиндикативни се пајонските погребни обичаи, пајонската керамика и пајонските култни бронзи.

## Пајонски погребни обичаи

Инхумацијата во гробови-цисти, со сите придружни погребни манифестации, го претставува првиот силен белег на пајонската култура. Таа се експонира како единствен погребен ритуал за сите пајонски заедници, кој се практикувал низ сите фази на пајонското суштествување. Притоа, целосното физиономирање, речиси до канонизираност, било остварено уште во доцното бронзено време, од кога ги имаме бројните некрополи во рамки на споменуваната т.н. Повардарска или Уланци група (Вардарски Рид, Мали Дол, Уланци, Водоврати, Скупи, Брвеница и други).[40]

Згрчената инхумација со различна полова ориентација – жените положени на левата, мажите на десната страна – во гробови-цисти се практикувала низ целото бронзено доба, а во текот на доцното бронзено доба се афирмира како главна карактеристика на протопајонските погребни обичаи. Истиот начин на погребување и погребни обичаи биле практикувани и во текот на железното време, со тоа што полагањето на покојниците било во пружена положба. Исто така, во зависност од новосоздадените социјални и економски услови во железното доба, погребувањата можеле да се организираат во рамни некрополи или под тумули.[41]

Во поконзервативните и сточарски региони, гробовите биле организирани под тумули, додека во комуникативните региони што биле отворени кон југ, погребувањата биле организирани во рамни некрополи. Всушност, во организацијата на гробовите и некрополите имаме многу добра слика за општествената организација и структура на пајонските заедници од железното време.

Преку тумулите и нивниот типолошки развој можеме мошне сликовито да ги следиме пајонските општествени и економски промени низ железното време. Во таа смисла, во текот на раното железно време (од X до VIII век пр. Хр.) се појавуваат и развиваат т.н. родовско-клановски тумули, кои на најдобар начин го изразуваат родовско-клановското организирање на пајонските заедници (сл. 21). Тие биле заеднички, колективни гробници за целиот клан или род, каде гробот на основачот на родот бил позициониран во центарот на тумулот и имал посебен третман. Тоа било најстарото, иницијално погребување во специјално оформена гробна конструкција. Неговите следбеници биле погребувани со кружно распоредување околу него, во еден или два реда, во зависност од големината и траењето на родот. Сите тие биле поставени радијално, со главите ориентирани кон централното погребување, изразувајќи така посебен респект и конекција со таткото на родот. Таквите тумули се јавуват во мали групи од по неколку тумули (основни родови), обично позиционирани во линија, на доминантни места, неретко долж одредени сртови (Висои – Беранци, Барата – Чаниште, Крушевица – Мариово, Орлови Чуки – Стар Караорман, Кунови Чуки – Оризари, Коколов Рид – Виница и други).[42]

Со постепениот растеж на заедниците и попуштањето на родовските стеги, во текот на VII век пр. Хр. се појавува нов тип на т.н. фамилијарни тумули. Тие се значително помали од постарите родовски тумули, со само неколку гробови и без централен

---

[40] Mitrevski D. 2003, 46–51, Papazovska A. 2019; Abazi Lj. – Tolevski I. 2018.

[41] Mitrevski D. 1997; Mitrevski D. 2013, 214–232.

[42] Mikulčić I. 1960/61; Nacev T. – Jovanov M. 1996; Mitrevski D. 2013, 222; Mitkovski A. 2010; Mitrevski 1997, 102, sl. 20, 21.



1



2



3



4



5

Сл. 21. Поедини примери на тумули од родовско-клановски тип:
1 Висои – Беранци; 2 Крушевица; 3, 4, 5 Орлови Чуки – Стар Караорман

гроб. Во однапред одреден кружен простор биле погребувани членови од само една биолошка фамилија. Тие биле погребувани на единствен начин, со единствена ориентација и покриени со заеднички насип од земја и камења со височина помала од еден метар. Наспроти родовско-клановските тумули, во текот на VII и VI век пр. Хр. биле формирани големи некрополи со по неколку стотини фамилијарни тумули (Дабици – Сопот, Криви Дол – Радање, Горно поле – Стар Караорман, Кршла – Виница, Сламите – Рапеш и други).[43]

Тумуларните погребувања кај сточарските пајонски заедници биле практикувани до крајот на VI и почетокот на V век пр. Хр., сѐ до појавата на општествено раслојување, што ќе предизвика дезинтеграција и напуштање на родовскиот систем. После тоа веќе немало простор за стариот железнодопски начин на погребување под тумули.

Според тоа, пајонските тумули во суштина треба да се сфатат повеќе како социјална, отколку како етничка категорија, иако нивните специфични белези и развој се карактеристични главно за заедниците на пајонско-македонскиот простор во железното време. Во секој случај, преку нив можеме да го следиме социјалниот и економски развој низ целото железно време, но само кај населението во конзервативните, главно сточарски региони. Другите заедници во отворените, комуникативни региони ги продолжиле старите погребни практики од бронзеното доба, исто така во гробови-цисти и со сите други манифестации како во тумулите, но организирани во рамни некрополи. За време на доцното бронзено доба, тие биле во тесни културни и трговски релации со егејскиот свет, така што тие заедници уште тогаш биле далеку попрогресивни во споредба со оние во поконзервативните региони. Така, во текот на железното време тие најверојатно биле надвор од родовскиот систем на општествена организација.

Како заклучок за пајонските погребни обичаи можеме да го истакнеме практикувањето на единствен погребен ритуал со инхумација, во два вида на некрополи, организирани под тумули или во рамни некрополи. Сето останато, во поглед на гробните форми, погребните активности и гробните дарови било единствено за сите пајонски заедници.

## Пајонска керамика

Керамичката продукција кај железнодопските заедници од пајонската територија, слично како и кај погребувањето, била силно потпрена врз бронзенодопската традиција, но сепак, во различни региони нејзината продукција развивала различни локални белези. Основните и најчести форми на садови кај сите пајонски заедници можат да се сведат само на неколку, сите развиени од заедничката бронзенодопска керамична традиција. Така, низ целото железно време ќе се продуцираат следниве водечки форми: бокали со косо засечена задна страна од вратот, длабоки шољи во кантаровидна верзија со две вертикални држалки, длабоки чаши со една вертикална држалка и длабоки чинии – здели, најчесто со вовлечен обод и хоризонтални држалки.

Тие се најкористените форми на садови, кои како трпезна керамика се најподатливи за манифестирање на локалниот вкус и критериуми во самата продукција и

[43] Garašanin M. – Garašanin D. 1959; Mitrevski D. 1997, 92–95, sl. 23; Vasilevska M. 1993, 69.

декорирањето. Тие најчесто се среќаваат како гробни дарови, додека населбинската керамика познава и други форми, вообичаени за населбинското живеење, уште од бронзеното доба.

Разликите во продукцијата и декорацијата на железнодопската керамика се експонираат како силни локални особености, повторно во зависност од регионалните економски и социјални карактеристики меѓу поедини пајонски заедници. Во таа смисла, сите пајонски групи покажуваат свои локални белези. Меѓу нив, по својата технолошка супериорност и квалитет се издвојува долновардарската или јужнопајонска група.

Поразвиените јужнопајонски заедници продуцирале своја керамика под силно влијание од соседната егејска, архајска керамичка продукција. Станува збор за специфична керамика од добро прочистена глина, работена на грнчарско тркало, окер печена и лентесто боена со темно црвена мат боја (сл. 22). Тоа била најсофистицираната керамика во внатрешноста на Балканот, единствена што била моделирана на грнчарско тркало. Сите останати групи на север од Егеја својата керамика во тоа време ја работеле на рака.[44] Масовната продукција на ваквата керамика зборува за големите потреби од неа, пред се како гробни садови, така што безмалку во секое погребување во долновардарските некрополи од VII и VI век пр. Хр. – од кои досега се истражени над 300 гробови во 6 некрополи – како прилог задолжително се јавуваат по два сада од таа керамика. При секое погребување се приложувале најчесто бокал со косо засечен врат и длабока кантаровидна шолја. Кај детските погребувања наместо голем бокал се ставале мали бокалчиња – гутуси.



Сл. 22. Јужнопајонска или долновардарска керамика од полното железно време

Најдиректна потврда за локалната продукција на долновардарската окер печена и лентесто боена керамика претставуваат неколкуте печки за нејзино печење, от-

[44] Vasić R. 1987, 705, T. LXXII–LXXIII; Mitrevski D. 2012, 105–113.

криени во реонот на некрополите во Марвинци. Печките биле вкопани во карпестата основа, а во една од нив е откриена целата внатрешна содржина, неиспразнета, со десетина големи бокали со косо засечен врат.[45] Со тоа, таа керамика е веќе широко афирмирана како долновардарска или јужнопајонска керамика, еден од главните белези на пајонската култура на железното време.

Во исто време, пајонските заедници на север од Демир Капија ги продуцирале истите форми на садови, но работени на рака и декорирани главно со врежување, со втиснување на назабено тркалце – радло или со канелури (сл. 23). Голем дел од таквите садови се откриени главно како гробни дарови во претходно споменатите тумули, но тие исто така биле користени и во населбинските активности во секоја железнодопска населба.




Сл. 23. Севернопајонска или средновардарска
и брегалничка керамика од полното железно доба

Таквите карактеристики на таа, условно induced, севернопајонска керамика се должат најмногу на силните влијанија од централнобалканското подрачје.[46] Сепак, нивната продукција и декорации се однесуваат на истите веќе споменати основни форми, карактеристични за целиот пајонски простор.

Истите локални разлики во продукцијата на железнодопската керамика ги имаме и во Пелагонија. Таму постојат евидентни разлики меѓу керамиката од појужните, земјоделски простори во Пелагонија од оние во посеверните, сточарски области на

[45] Mitrevski D. 2012, 110, fig. 9; Mitrevski D. 2012-a.
[46] Vasić R. 1987, 690; Garašanin M – Garašanin D. 1959.

Мариово и прилепско. И таму, како во Повардарјето, во јужните делови на Пелагонија се практикувала керамика украсена со мат сликање на геометриски мотиви, слично на истовремената керамика позната од соседните региони појужно, во денешна северозападна Грција, сè до Корчанско на запад (сл. 24)[47]. Кај заедниците од посеверните делови на Пелагонија и Мариово не се практикувало украсување со мат сликана декорација, туку садовите биле продуцирани со техники и мотиви блиски до керамиката во соседниот средновардарски регион.

Во секој случај, во текот на железното време, на историски потврдената пајонска територија се практикувале единствени форми на садови, но продуцирани според локалниот вкус и можности. Таа керамика е важен дел од материјалната култура на пајонските племиња, а меѓу нив, долновардарската окер печена и лентесто боена керамика, работена на грнчарско тркало, претставува вистински лајт-мотив на јужнопајонските заедници.




Сл. 24. Западнопајонска или пелагониска керамика од железното време

[47] Heurtley W. A. 1939, 225–229; Andrea Z. 1993.

## Пајонски култни бронзи

Најсилниот израз на пајонската култура се предметите од тореутиката, т.н. пајонски култни бронзи. Тоа се различни типови на ситна бронзена пластика во форма на птици, бронзени чашки со капаче, минијатурни бокалчиња, стилизирани птици, кружни плочи, роглести предмети, разни форми на композитни приврзоци и слично (сл. 25). Познати се како „пајонски култни бронзи", бидејќи се откриваат со околу 95% на историски посведочената пајонска територија и време, поточно по долината на Вардар со притоките, во VII век пр. Хр. (сл. 26).[48] Досега се откриени само неколку примероци надвор од таа територија, главно како гробни наоди (Раденковац – Мачва, Куч и Зи – Корча, Амфиполис) или како дарови во поедини грчки храмови и светилишта (Самос, Хиос, Фера, Филија), што сведочи за нивната популарност, контакти со соседните региони и нивниот култен карактер.[49]

Сите тие форми се тесно поврзани меѓу себе и се откриваат во ист контекст, во посебни женски гробови, во кои освен нив се среќаваат и други форми на вообичаен женски накит. Сите манифестации ги издвојуваат тие гробови како свештенички погребувања во кои доминантно место имаат пајонските бронзи.[50]

Култниот карактер на тие предмети повеќе не е спорен, бидејќи досега се откриени десетици погребувања со такви предмети во оригинална и мошне речита позиција.[51]

Нивната специфична форма и позиција во гробовите ги определува таквите објекти како предмети поврзани со одредени верувања и ритуални дејствија, при што можат да се поделат во две групи како: а. симболи на култот и б. инструменти на култот.[52] Според нивната иконографија, а во согласност со податоците кај античките автори за верувањата на Пајонците, неспорно е дека станува збор за манифестации поврзани со култот на сонцето и со свештенички – чувари на тој култ.[53]

Симболи на култот претставуваат сите оние приврзоци или апликации што се носеле на облеката или биле обесени на одредени делови од телото (сл. 27). Сите тие на врвот обично имаат изведено алка за прикачување. Во суштина, станува збор за различни видови приврзоци, најчесто фигури на птици или нивни модификации кои можат да се јават како делови од комплексни приврзоци. Во секој случај, тие го афирмираат култот и ги илустрираат верувањата на населението, но исто така го истакнуваат значењето и улогата на погребаниот како свештеничка на тој култ.

Најсилен израз на култот на сонцето сепак биле објектите што ги именуваме како инструменти на култот. Тоа се предметите што учествувале во ритуалните активности на свештеничките, кои при нивното погребување биле специјално третирани, обично полагани издвоено врз, или покрај телото на свештеничката. Таквата позиција

---

[48] Mitrevski D. 1988; Bouzek J. 2006; Mitrevski 2013, 227.

[49] Vasić R. 2003, fig 3–4; Andrea Z. 1976; Bouzek J. 1974; Kilian Dirlmeir I. 1979; Kilian K. 1975; Kiliaan Dirlmer I. 2002, taf. 63–64.

[50] Mitrevski D. 2007; Mitrevski D. 1999.

[51] Mitrevski D. 2007; Papazovska A. – Huseinovski B. 2019.

[52] Mitrevski D. 2007, 574.

[53] Vasileva M. 1994, 21–27, Mitrevski D. 1999, 85.



Сл. 25. Наоди на пајонски култни бронзи




Сл. 26. Карта на распространетост на пајонските култни бронзи: 1 Куч и Зи, 2 Плаошник, 3 Висои, 4 Битола, 5 Градешница 6 Рајец, 7 Патели, 8 Архонтико, 9 Бохемица, 10 Чаушица, 11 Сува Река, 12 Милци, 13 Смоквица, 14 Марвинци, 15 Болован, 16 Дедели, 17 Демир Капија, 18 Градско, 19 Д. Оризари, 20 Велес, 21 Сопот, 22 Орешани, 23 Бучинци, 24 Кумановска Бања, 25 Кнежје, 26 Радање, 27 Кршла, 28 Љубота, 29 Амфиполис

на овие објекти во гробовите и нивната позиција во однос на скелетните остатоци зборуваат дека служеле како алатки- инструменти во практицирањето на култните активности на свештеничката. Во таа категорија, како најистакнати типови се издвојуваат: големите кружните плочи, чашките со капаче, минијатурните садчиња и роглестите предмети (сл. 28).

Големите кружни плочи досега се откриени во неколку примероци, најдобро познати преку примерокот од Марвинци (гроб 15) и два други наоди од Чаушица (сл. 28–2).[54] Тие биле декорирани со втиснати концентрични кругови и врежани снопови на линии, што може да се прифати како симболизирање и експонирање на самото сонце. Прашањето е на кој начин биле употребувани таквите кружни плочи – дали биле носени на стап, како што забележале античките автори во описите за обожувањето на сонцето кај Пајонците, или едноставно биле дел од ритуалниот појас, како што сугерираат археолошките услови во кои се откриваат таквите плочи. Во секој случај, тоа бил централниот и доминантен објект во практикувањето на култот на сонцето и, секако, при погребувањето на свештеничките.

Бронзените чашки со капаче (*pyxis pendants*) се најекспонираните предмети меѓу пајонските култни бронзи (сл. 28–4). Се јавуваат во различни варијанти и величини, во зависност од локалните можности и сфаќања, но секогаш оформени според истиот концепт во два дела, со чашка како контејнер во кој се чувале одредени суп-

[54] Mitrevski D. 1999, T. III–3; Casson S. 1968, fig. 59–62, p. 155.

станци и капаче со кое била затворена содржината во чашката.[55] Најверојатно биле носени на кожни врпци што биле протнувани низ страничните дупчиња на чашката и на капачето, кое се држело затворено со поголемо кружно монистро. Според досегашните наоди, се чини дека најмалите чашки биле најпопуларни, а поради нивната сублимирана форма налик на чушка од афион, познати се и како афионови чашки. Хемиските анализи од внатрешноста на таквите чашки покажуваат присуство на морфини, поточно дека во нив се чувал катран од афион.[56] Кај сите нив, било на самата чашка или на капачето, биле моделирани птичји протоми или стилизирани птици, а нивните тела обично биле декорирани со врежани низи од паралелни линии и втиснати концентрични кругови. Сето тоа јасно упатува на сончеви симболи и претстави на сонцето во различни варијанти.



Сл. 27. Пајонски култни бронзи како симболи на култот на сонцето

Минијатурните бронзени садчиња се јавуваат во две верзии – како бокалчиња со косо засечен врат и како зделички со хоризонтално извлечена држалка. Тие во суштина претставуваат копии на локалната керамична продукција, само во минијатурна, бронзена продукција (сл. 28–3).[57] Се откриваат во различен контекст, но никогаш во доволно речита ситуација, така што се смета дека биле носени како приврзоци, најчесто на појасот.

Слична е ситуацијата и со неколкуте бронзени предмети во форма на консекративни рогови (Орешани, Радање, Вардарски Рид, Чаушица и др.) (сл. 28–1). За нив може само да се претпоставува како и во кои свештенички активности биле користени. Долниот дел на тие предмети бил празно-цилиндрично излиен, што индицира дека во него бил вметнуван дрвен држач, слично на всадниците за дрвениот стап кај железните врвови од копја. По тоа може само да се претпостави дека таквите предмети биле носени на дрвен држач.

[55] Bouzek J. 1973; Kilian K. 1975, taf. 34–44; Vasić R. 1974, 230–232.
[56] Анализите се направени на Институтот за хемија на Природноматематичкиот факултет во Скопје.
[57] Bouzek J. 1974; Kilian K. 1975.




Сл. 28. Пајонски култни бронзи како инструменти на култот на сонцето

Според бројот, разновидноста и локалните белези на досега откриените форми на пајонски култни бронзи се издвојуваат три регионални групи. Како централен регион на продукција на пајонските култни бронзи, се истакнува долното Повардарје или *јужнопајонската група*, каде металургијата на бронза била најразвиена. На север од Демир Капија до скопско-кумановскиот регион со долината на Брегалница се издвојува *севернопајонската група*, додека Пелагонија и охридскиот регион ја формираат *западната група* на пајонски култни бронзи. Сите тие групи се карактеризираат по особената популарност на одредени форми во чија продукција се евидентни локалните белези, изразувајќи ги така вкусот и можностите на различните пајонски заедници на железното време.[58]

Компаративната анализа на наодите од над илјада досега истражени гробови во различни некрополи дозволуваат да се заклучи дека пајонските култни бронзи се јавуваат само во контекстот на VII век пр. Хр. Во текот на VI век тие се веќе излезени од употреба, поточно биле заменети од нови форми на приврзоци и висолци, кои сепак не можат толку строго да се врзат само за пајонските заедници и територија. Напротив, тие биле распространети на целата територија на подоцнежната античка македонска држава. Поради тоа, тие се познати како *помлади* или *манирстички македонски бронзи*, наспроти пајонските култни бронзи кои влегуваат во групата т.н. *постари македонски бронзи.*[59] Во секој случај, пајонските култни бронзи биле продукт на пајонската уметност и естетика, а произлегуваат директно од пајонската религија и ритуални практики. На тој начин, тие се сметаат за најсилен израз на пајонската култура воопшто.

[58] Mitrevski 2021, fig. 11–13.
[59] Bouzek J. 1974; Bouzek J. 1997, fig 110.

## Пајонско кралство и престолнина

Во текот на V век пр. Хр., Пајонците почнале да прифаќаат поедини вредности од класичната хеленска култура, со што го започнале процесот на постепено хеленизирање на својата локална култура. Но, тој процес не се одвивал подеднакво кај сите пајонски заедници. Јужнопајонските заедници биле повеќе изложени на културните влијанија од југ, а со ширењето на долномакедонското кралство мошне рано (уште кон крајот VI век пр. Хр.) станале негов конститутивен дел. Наспроти нив, северните пајонски заедници ја зачувале својата политичка независност, така што во тој регион била востановена т.н. *држава на независните Пајонци*. Таа држава имала значајно место и улога во историските настани од V до II век пр. Хр. Била монархија од наследен тип со своја кралска династија, монетарен систем, администрација и секако своја престолнина. Археолошките остатоци од таа престолнина се веќе откриени на локалитетот Градиште во село Кнежје кај Свети Николе, каде се убицира Билазора, „најголемиот пајонски град“ од пишаните историски извори (сл. 29).[60] Од тие причини, неопходно е да се задржиме на ситуацијата откриена на тој локалитет, каде карактерот и белезите на раноантичкиот културен развиток на Пајонците се најевидентни и најречити.

Културниот континуитет меѓу железнодопската населба на локалитетот Градиште – Кнежје и раноантичкиот град Билазора е веќе неспорен и археолошки јасно потврден. Самиот локалитет е расположен на три висински тераси, на површина од вкупно дваесет хектари, со централен, највисок, доминантен или акрополски дел.

Најстарата железнодопска населба била позиционирана само на акрополниот дел од локалитетот. Била заштитена со одбранбен бедем од сувоѕидани покрупни аморфни камења и заштитен ров пред него. Железнодопската населба била во употреба од VII до V век пр. Хр., за што зборуваат бројните движни наоди во најдолните слоеви на акрополата – керамика, алатки, накит и слично – кои се врзуваат за остатоци од типична балканска праисториска архитектура. Соодветната некропола на таа населба била лоцирана на соседното благо возвишение каде се истражени дваесетина гробови, сите цисти од камени плочи. Наодите откриени на некрополата, иако во најголемиот дел како прилози од растурени гробови, соодветствуваат со оние во железнодопските слоеви од населбата. Меѓу нив се издвојуваат одредени типови на пајонски бронзи и други форми бронзен накит, карактеристични за VII и VI век пр. Хр. (сл. 30).

Во текот на V век се случила комплетна реорганизација на просторот, при што населбинскиот живот бил раширен и добро организиран на пониските тераси, додека акрополата останала како резервирана и посебно заштитена површина, наменета за нововостановената администрација, со резиденцијален дел за владетелската фамилија (сл. 31). Со тоа населбата ги добива сите карактеристики на урбан центар, кој по својата позиција и површина со право се идентификува со најголемиот пајонски град Билазора.[61] Со археолошките истражувања на самата акропола се откриени појави и содржини од таков карактер што јасно зборуваат дека Билазора не бил само најголемиот град на Пајонците според површината што ја зафаќал, туку и најголем по своето значење, поточно дека станува збор за престолнината на независните Пајонци.[62]

---

[60] Mikulčić I. 1976; Mitrevski D. 2016.

[61] Mikulčić I. 1976, 149–165.

[62] Mitrevski D. 2016; Mitrevski D. 2017.






Сл. 29. Позиција и основа на Билазора




Сл. 30. Наоди од железното време од Градиште – Кнежје: а. метални наоди од железнодопските слоеви во населбата, б. гробни дарови од растурени гробови во некрополата

Откриените бројни движни наоди и сите недвижни структури на акрополата зборуваат дека просторот имал карактер многу сличен на акрополите во микенските центри. Целиот внатрешен простор бил зафатен со јавни и репрезентативни градби и содржини што морале да бидат посебно заштитени. Затоа, кон крајот на векот, околу акрополата бил изграден засебен фортификациски систем со масивен бедем од камени блокови, делумно обработени и специјално поставени влезови и кули за лесна контрола и одбрана на акрополата.

На северниот крај од акрополата се наоѓал главниот влез со делови од северното бедемско платно, како и низа придружни објекти поврзани со влезната партија и главниот пат што водел кон внатрешноста на акрополата, кон централната, најголема и доминантна градба – владетелската палата (сл. 32). Други градби со станбен или цивилен карактер на акрополата не се откриени. Напротив, сите откриени објекти на акрополата имаат магацински, економски или војнички карактер и биле така организирани, очигледно во служба на палатата и нејзините станари.[63]

Палатата претставува комплексен објект кој според својата позиција, архитектонски, градежни и декоративни елементи, а најмногу според распоредот и карактерот на просториите околу централниот отворен атриум, се афирмира како резиденцијална градба на владетелската фамилија (сл. 33).[64] Таквата нејзина определба ја потврдува, меѓу другото, и големата концептуална сличност со познатата македонската кралска палата во Вергина (Aigai).[65]

Покрај палатата, во нејзина непосредна близина се наоѓа уште една градба, мал храм од дорски тип, кои заедно ја исполнуваат безмалку целата јужна половина на акрополата и се третираат како „владетелски комплекс" во најтесна смисла на зборот (сл. 31).[66] Двата објекти се меѓусебно тесно поврзани во единствена функционална архитектонска и културна целина. Двете градби биле градени со единствени градежни и архитектонски елементи. Нивната заедничка стратиграфска позиција и внатрешен инвентар зборуваат дека биле изградени кон крајот на V век пр. Хр., а биле во употреба главно низ IV век, до првите векови на III век, кога биле истовремено насилно урнати, за повторно да не бидат обновени.

Палатата била изградена на најдоминантниот дел на акрополата и зафаќала простор од околу 50x50 метри. Целиот терен, како и околината предвидена за градење на палатата со придружните објекти, поради природниот пад на теренот бил најпрво добро изнивелиран. Нивелацијата била постигната со рамнење на теренот и нанесување на дебел слој компактна светложолта глина, со што била добиена единствена хоризонтална површина на целиот простор наменет за т.н. владетелски комплекс.

Во градењето на палатата биле употребени убаво делкани правоаголни блокови од локален камен-песочник за ѕидање на нејзините долни партии, додека горните зони од надворешните ѕидови биле формирани од непечени тули. Внатрешните ѕидови што ги издвојувале поедините простории по правило биле целосно градени од тули.

---

[63] Mitrevski D. 2016, 67–70.

[64] Mitrevski D. 2018, fig. 1–3; Mitrevski D. 2019, 345–353.

[65] Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001, 201; Andronikos M. 1984.

[66] Mitrevski D. 2018.




Сл. 31. План на акрополата на Билазора

Просториите во палатата имаат различни димензии, намена, ѕидна декорација и инвентар (сл. 33). Следејќи ги редоследно, најпрво се издвојува главната влезна партија. Станува збор за репрезентативен влезен простор, формиран од четири скалила и фасада со два централни носечки столбови, преку кои се влегувало во палатата, поточно во влезната просторија. Сите елементи од фасадата на главниот влез (бази, столбови, капители, архитрав, корниз, странични пиластри и т.н.) се откриени во изворна положба на паѓање, пред самиот влез (сл. 34). Поедини делови од влезната фасада, главно столбовите и корнизот, биле обоени со бела или црвена боја. Од друга страна, веднаш пред скалилата од влезот, допрени до самиот северен надворешен ѕид од палатата, биле оставени или убаво наредени еден до друг двата коринтски капители. Значајно е што капителите со повеќе од околу 30% не биле довршени во својата изработка, така што според нивната позиција на откривање, како и по фактот што останале недоработени, очигледно никогаш не биле употребени.[67]

Најверојатно, непосредно пред финалното уривање на палатата се подготвувала обнова на фасадата во нов, коринтски стил, но таквиот план очигледно никогаш не стигнал да се реализира. Планираните нови капители, кои биле делкани од локален камен најверојатно на лице место, пред палатата, останале недовршени да чекаат по-

[67] Mitrevski D. 2018, fig. 7.

добри времиња кои никогаш не пристигнале. Во каков стил била градена првичната, постара фасада може само да се претпостави. Нодите на двата дорски столбови, што го носеле преминот во северниот трем од централниот атриум, упатуваат на првично користење на дорскиот стил во архитектурата на палатата.

Од влезната партија се влегувало во долгата отворена просторија што се пружала долж источниот надворешен ѕид на палатата, а од неа – во централниот дел на палатата, или во отвореното двориште (сл. 33). Иако по својата диспозиција потсетува на коридор, сепак таа просторија претставувала репрезентативен простор, чии ѕидови биле украсени со фреско-декорација. Фреските во al secco техника биле нанесени во две зони, подолната во црвена, а погорната зона во црна боја; таванот бил во бела боја, а подот – најверојатно дрвен.[68]

Во централниот дел на палатата се наоѓа отворено двориште или централен атриум, кој бил фланкиран од сите четири страни со покриени тремови. Самите тремови биле отворени кон атриумот, каде нивната покривна конструкција се потпирала на низа од најверојатно дрвени столбови, од кои се сочувани само камените бази. Дождовните води што се слевале од покривите на сите четири тремови биле собирани во систем од канали, кои ја одведувале водата надвор од палатата кон пониски партии на теренот, поточно кон западната тераса (сл. 35).



Сл. 32. Северната влезна партија во акрополниот дел на Билазора

[68] Mitrevski D. 2018, fig. 10.




Сл. 33. План на истражениот дел од владетелската палата



Сл. 34. Главната влезна партија во владетелската палата

Подните површини на тремовите биле дрвени, а на нив се откриваат главно камени рачни мелници, дробилки, високи авани од камен и други остатоци од економиката на палатата. Од тремовите, преку воедначени камени прагови кои носеле еднокрилни дрвени врати, се влегувало во соодветните простории околу атриумот. Станува збор за простории различни по димензија и намена. На подовите на просториите се откривааат различен тип наоди, како недвижен или движен инвентар. Притоа, се чини дека од движен инвентар останало само она што не било највредно за да се засолни пред последната опасност и нејзиното финално уривање. Сепак, и со така редуцираниот инвентар, овие простории во голема мера може да се одредат како економски, или заеднички простории за потребите на целата палата. Тоа, пак, овозможува да се претпостави дека палатата имала и втор кат.

Ѕидовите на сите простории во приземјето биле од непечени тули, премачкувани со слој варов малтер, врз кој била нанесувана фреско-декорација (сл. 33 и 36).[69] Боењето било изведено со широки боени површини врамени со бордури во друга боја, а се откриваат и делови со посложена геометриска декорација како спирали, кругови, хоризонтални и вертикални ленти и слично. Сите овие мотиви биле боени во различни бои (црвена, црна, нијанси на сива, окер, портокалова, сина и др.), при што било остварено високо ниво на квалитет (сл. 36).

По својата конципираност и намена се издвојуваат просториите од северното крило. Во него се влегувало преку северниот трем на централниот атриум, низ еден широко отворен премин што го носеле два дорски столба. Преку тој премин се влегувало во една меѓупросторија (anteroom), што служела за влез во единствената кружна, т.н. толос-просторија, лоцирана во источниот крај на северното крило (сл. 37). Со исклучок на две бронзени монети, првата на Александар III и втората на пајонскиот крал Леон, не се откриени други позначајни движни наоди. Контекстот на откривање на монетите – на самата подна површина, под паднатата покривна конструкција – на најилустративен начин го датира крајот на користењето на палатата.[70] Тој секако се случил во време на владеењето на кралот Леон, кога во циркулација сѐ уште биле и монетите на македонскиот крал Александар III. Едновремената циркулација на пајонски и македонски монети ја потврдуваат уште неколку монети откриени во исти услови, но надвор од палатата, во слободниот простор помеѓу влезовите во палатата и хармот. Станува збор за две бронзи на Деметриј Полиоркет, една на Касандар и една монета на градот Лариса.

Толос-просторијата зазема доминантна позиција во палатата, со површина од 9 метри во пречник (сл. 33 и 37). По своите конструктивни елементи, како и архитектонските и археолошките белези, таа се издвојува како посебна целина. Претставува градба со кружна форма впишана во квадратна основа, изѕидана во долната зона од делкани камени блокови, над чие круниште ѕидањето продолжувало со непечени тули. Имала посебен и единствен влез од запад, на кој не е откриен вообичаениот праг (монолитен блок со жлебови од вратата) кој се среќава на влезовите во сите други простории. Тоа сугерира дека влезот во толос-просторијата бил отворен, а нејзината намена – јавна и достапна за секого во палатата. Најголемиот број и најзначајните движни

[69] Mitrevski D. 2018, fig. 14.

[70] Mitrevski D. 2018, no. 16.



Сл. 35. Дел од централното, отворено двориште со системот за одвод

наоди откриени во палатата се врзуваат токму за оваа просторија.[71] Подот на просторијата бил од замазнета глина, во која биле копани плитки јамички. Во самите нив и околу била оставана керамика, како и мноштво животински коски.

Меѓу керамиката се откриваат различни форми на садови, главно поспецифични садови со повисоки естетски вредности. Сите тие се локални продукти, но од висок ранг и значење, а заедно со бројните животински коски доволно јасно зборуваат за практицирање на одредени култни активности во внатрешноста на толос-просторијата. Со ваквите наоди, таа на доволно документарен начин се експонира како култен простор во палатата, слично на таквата појава во познатата палата на македонските владетели во Вергина, каде што култниот карактер само се претпоставува.[72]

На спротивниот, западен дел на северното крило на палатата се распоредени две простории во кои се откриени огниште и печка, како и концентрација на различни видови огништна и кујнска керамика (сл. 33). Сето тоа го определува тој простор како кујнски дел на палатата. Од тие меѓусебно поврзани простори, преку масивен камен праг се излегувало во тесниот т.н. влезен западен ходник, кој ги раздвојувал просториите од северното и западното крило на палатата. Ходникот се поврзувал со т.н. западен влез, поточно со евентуалната капија во западното бедемско платно, од каде директно се влекувало во палатата.

Од т.н. западен ходник, преку монолитен камен праг со вообичаените жлебови за еднокрилна дрвена врата, се влегувало во првата или најсеверна просторија од западното крило на палатата, која според инвентарот неспорно имала трпезариски карактер. Соседните две простории од западното крило имале засебни влезови преку стандардните камени прагови директно од западниот трем на атриумот. Нивната намена, според откриените движни наоди на нивните подови (амфори, хидрии, камени мелници и др.), упатува на простории со складишно-магацински карактер.[73]

Според стратиграфските податоци, односот на градежните елементи, како и според хронологијата на движните наоди, палатата била во употреба од крајот на V до првите децении на III век пр. Хр. Притоа евидентни се две градежни фази, од кои постарата се врзува за наодите од крајот на петтиот и првата половина на четвртиот век, додека помладата фаза за појавите од втората половина на четвртиот и првите децении на третиот век пр. Хр.

Основниот план на палатата бил реализиран во првата градежна фаза, чие уривање се случило околу средината на четвртиот век. Обновувањето, или новата градежна фаза на палатата, подразбирала нова фасада, нови подови и нови ѕидни платна од непечена тула, декорирани со нова фреско-декорација. Во исто време, непосредно на север од главниот влез била додадена нова градба како посебно, северно одделение. Таквата палата била во употреба низ втората половина на четвртиот век, приближно до првите децении на третиот век, кога била насилно урната во силен пожар, за повеќе да не биде обновена.

[71] Iliev J. 2017.

[72] Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001, 202–203.

[73] Mitrevski D. 2018, fig. 13, fig. 22.



Сл. 36. Поедини внатрешни ѕидови од палатата украсени со фреско-декорација



Сл. 37. Влезот во т.н. толос-просторија во фаза на ископување

На подовите од последната употреба на палатата, освен споменатите главно керамични наоди и монетите на Александар III и Леон, се откриени и моштво други ситни наоди.[74] Најчесто станува збор за бронзен накит (фибули, белегзии, игли, прстени, копчиња и сл.) како и низа железни сечила (најчесто ножеви), сите откривани без ред, расфрлани најчесто на просторот во централниот атриум и во околните тремови. Меѓу нив за посебно издвојување се поедини ретки наоди: една бронзена појасна копча, оловен проектил со натпис, едно монистро од сина стаклена паста со рељефни претстави на двете страни – ликови на брадест маж (најверојатно сатир-силен) како и една оловна пломба со четиризрачна ѕвезда или сонце (сл. 38). Сите овие наоди се карактеристични главно за четвртиот век, а оловната пломба претставува најсилен индикатор за административно-државничките активности што се одвивале во палатата.[75]




Сл. 38. Избор од поедини наоди од палатата во Билазора

Во истиот контекст, со посебна концентрација во јужната половина на палатата – каде опожарувањето било најсилно – се откриени стотини врвови од железни стрели. Станува збор за конусно издолжени проектили што напаѓачите ги користеле како огнени стрели, очигледно за предизвикување пожар. По правило се откривани во изворна положба, најчесто во нивото на колабираната покривна конструкција, или во спалениот слој врзан за подните површини.[76] Со тоа, тие многу речито го документираат самиот момент и начинот на уривање, поточно финалното опожарување на палатата. На истиот заклучок упатуваат и условите во кои се откривани другите ситни наоди, особено примероците на накит и монетите. Нивното откривање без некој посебен

[74] Mitrevski D. 2018, fig. 20–28; Mitrevski D. 2019-a, 321–330.

[75] Adam-Veleni P. 2010, кат бр. 435, 377; Mitrevski D. 2016, fig. 245, 165; Mitrevski D. 2018, fig. 25; Angelov B. 2013, 255–263.

[76] Mitrevski D. 2018, fig. 29.

контекст, на различни места, на подовите главно на комуникативните простории, упатува на условите во кои се случило последното уривање на палатата, поточно за брзината на криењето на највредните движни предмети од палатата пред опасноста што наидувала.

На само два метра до северозападниот агол од палатата се наоѓа втората градба од т.н. владетелски комплекс, храм со анти, граден во дорски стил (сл. 31 и 39). Ориентиран е во правец исток–запад, врз основа со димензии 9x10 метри, при што со западната или задна страна бил залепен на западното бедемско платно од акропола, додека со спротивната или челна страна бил позициониран да гледа кон главната влезна партија на палатата. На тој начин, помеѓу влезот во храмот и влезот во палатата се отвора поголем слободен простор, како заеднички комуникативен простор.

Челната страна на храмот ја сочинувал широк стилобат на едно скалило; од него се зачувани деловите од темелната зона и дел од круништетото во средината, каде врз специјално изработена база од песочен камен бил поставен централниот столб. Зачувани во изворна положба на паѓање се 3 тамбури со по 20 канелури и дорски капител. Исто така се зачувани уште други дванаесет делови од архитравната греда со гути, фризот со триглифи и метопи и венецот, т.е. корнизот со мутули и страничните анти (сл. 39). Токму просторот околу храмот долго време бил користен од денешните мештани како мајдан за убаво делкани камени блокови, така што се зачувале само оние делови од храмот што се наоѓале најдлабоко под модерната површина на теренот, или околу 30% од фасадата на храмот и неговите темели. Сепак, и таквиот степен на зачуваност бил доволен за негова целосна определба и реконструкција. Единствена дилема притоа е дали фасадата ја носел само еден централен столб, или постоеле уште два други дорски столбови, чии делови не се откриени. Зачуваните делови, пак, од архитравната греда упатуваат на тоа дека таа била изработена од повеќе, најмалку четири дела, секој со должина од 1.70 метри, колку што е и растојанието меѓу столбовите од влезната фасада на палатата. Токму тој момент зборува за неопходноста архитравот да го носеле, освен страничните анти и централниот столб, уште други два столба. Не треба да се отфрли ниту можноста двата други столба да биле изработени од дрво.

Како и да е, според стратиграфската позиција и условите во кои се откриени остатоците од храмот, извесно е дека тој пострадал на истиот начин и во истото време, поточно при истите настани во кои настрадала и палатата. На различни позиции, надвор, но во непосредна близина на градбата се откриени бројни наоди, сведоци за настаните што се случувале околу храмот непосредно пред неговото опожарување и финално колабирање. Така, во истиот слој со рушевинските остатоци од храмот се најдени, меѓу другото, остатоци од непогребани човечки скелети, заедно со неколку примероци на железно оружје (копја, ножеви и стрели), секаде проследени со веќе споменуваните железни пирамидални врвови од огнени стрели.[77]

Меѓу останатите наоди откриени во истиот контекст се издвојуваат деловите од еден ритуален мермерен сад – лутерион (долниот дел од ногата, една украсна волута и самиот реципиент) (сл. 40);[78] садот со функција на мал базен бил изработен од боен

[77] Mitrevski D. 2018, fig. 29.

[78] Robinson D. M., Mylonas G. E. 1946, 246; Mege F., 2013, 92–94; Mitrevski D. 2018, fig. 32.



Сл. 39. Остатоци од дорскиот храм со негова можна реконструкција

мермер и служел за ритуално миење пред влезот во храмот. Најдена е и една бронзена монета на македонскиот крал Деметриј Полиоркет, како и долен дел од еден кантарос, црнофирнизиран атички импорт од доцнокласичен тип. Бронзената монета на Деметриј Полиоркет само го фиксира ваквиот настан некаде во третата деценија од III век пр. Хр.

Тргнувајќи од сето досега кажано, финалното рушење на владетелскиот комплекс во Билазора можеме лесно да го поврземе со некој од нападите на Келтите (Галите) и нивната воена кампања кон југ во годините околу третата деценија на третиот век пр. Хр. По ова, владетелскиот комплекс веќе не бил обновуван, со што Билазора повеќе не била истиот град, со дотогашната моќ и значење. Животот во него најверо-

јатно продолжил, но со значително намален интензитет и драстично опадната економска и одбранбена моќ. Со тоа, градот станал крајно податен за перманентно навлегување на Дарданците од север во нивните пљачкашки походи на пајонска и македонска територија. Во секој случај, земјата на т.н. независни Пајонци со келтските освојувања ја доживеала истата судбина како и посеверните, богати раноантички населби на Агријаните во Скопско и Кумановско. Сите тие згаснале во истото тоа време, со што се отворил пат за навлегување на Дарданците од север, најпрво во Скопско, а потоа и на територијата на независните Пајонци. На тој начин било загрозено и големото македонско кралство, така што кралот Филип V бил принуден да преземе решителна кампања против дарданската опасност.

Античките автори нѐ информираат за овие настани преку повеќе записи, при што се издвојува описот на Полибиј за заземањето на Билазора од страна на Филип V во 217 година пр. Хр. Во него се споменува – а археологијата тоа го потврдува – дека Филип V ја преуредил акрополата на Билазора за воено-касарнски потреби, со што конечно биле ставени под контрола сите премини од север во Пајонија и Македонија. Со тоа биле оневозможени дарданските походи кон југ, со што во добра мера била отстранета дарданската опасност.

Владетелскиот комплекс во Билазора во тоа време, кон крајот на III и во текот на II век пр. Хр., веќе бил заборавен и покриен со дебел слој еродирана земја од повисоките партии на теренот, што е убаво документирано во сите стратиграфски пресеци на тој дел од акрополата. Со востановувањето на непосредната македонска управа на Билазора под власта на Филип V, градот почнал да ја испишува последната страница од својата историја и, воопшто, од пајонската историја. Веќе во следната етапа, за време на владеењето на последниот македонски крал Персеј, од Билазора останале само сеќавањата за претходните славни времиња. Државата на т.н. независни Пајонци под власта на нивните кралеви Агист, Ликпеј, Патрај, Авдолеон, Леон и Дропион, како и нивната престолнина во Билазора, живееле како историја само уште во записите на античките автори.

Културните карактеристики на археолошките наоди од времето на суштествување на Билазора како кралска престолнина зборуваат дека процесот на хеленизација не ги имал зафатено подеднакво обичното население и аристократијата. Животот на акрополата и во владетелскиот комплекс манифестира речиси целосно прифаќање на класичните хеленски вредности уште во текот на IV век пр. Хр.[79] Наспроти тоа, кај обичното население, распоредено на терасите на Билазора, сѐ уште се негуваат традиционалните вредности без некои позначајни културни промени.

По финалното уривање на владетелскиот комплекс во Билазора, постепено почнала да гасне и државата на независните Пајонци, која набргу стигнала до самиот крај на својот кус, но содржаен историски пат. Во исто време, тоа значело и крај на долгиот и континуиран пајонски културен развој.

---

[79] Mitrevski D. 2019a, 321–330.



Сл. 40. Поединечни наоди пред влезот во храмот

## ЛИТЕРАТУРА


Abazi Lj. – Tolevski I. 2018*: Tumba-Brvenica, Necropolis: A contribution to the Bronze Age in Polog, Giving Gifts to God*, NM Kumanovo, Kumanovo 2018.

Adam-Veleni P. 2010: *Glass Cosmos, Akanthos*, AMT, Thessaloniki 2010.

Alexandrov S. 1995: The Early Bronze Age in Western Bulgaria: Periodization and Cultural Definition, *Prehistoric Bulgaria*, Monographs in World Archaeology 22, Medison Winsonsin, 1995.

Alexandrov S. 1998: Pottery from the End of the Early Bronze Age in Western Bulgaria, In the Steps of James Harvey Gaul Vol. 1, Sofia 1998.

Александров С. 2015: Могилни гробове от Ранната бронзова епоха в Тракија (50 години по-ксно), Археологија, год. LVI, Кн.1-2, София 2015.

Aleksandrov S. 2018: *The Early and Middle Bronze Age in Bulgaria: Chronology, Periodization, Cultural Contacts and Precious metal Finds, Gold and Bronze*, NAIM, Sofia 2018.

Andrea Zh. 1976: La civilisation des tumuli de bassin de Korce, *Iliria* IV/1, Tirana 1976.

Andrea Zh. 1993: Aspects des relations entre L'Albanie et la Macedoine durant l'age de fer, *Ancient Macedonia* V/1, Thessaloniki 1993.

Andreu S. – Fotiadis M. – Kotsakis K. 1996: Review of Aegean Prehistory V: Neolithic and Bronze Age of Northern Greece, *American Journal of Archaeology* 100.

Andronikos M. 1984: *The Royal Tombs and the Ancient City*, Athens 1984.

Angelov B. 2013: Survey for the Studying of the Lead Projectilles and findings from Carevi Kuli- Strumitsa, *FAB* II, Skopje 2013.

Aslanis J. 1985: Kastanas - Die Frihbronzezeilischen funde und befunde, *PAS*, Band 4, Berlin 1985.

Bejko L. 2002: Mycenaean Presence and Influence in Albania, *Greek Influence along the East Adriatic Coast*, Split 2002.

Bouzek J. 1974: Macedonian Bronzes. Their origins, distributions and relation to other cultural groups of the Early Iron Age, *Pamet. archeol.* LXV, Praha 1974.

Bouzek J. 1986: Macedonia and Thrace in the Early Iron Age, *Anc. Maced.* IV, Thessaloniki 1986.

Булатовиќ А. – Станковски Ј. 2012: Бронзено време во базенот на Јужна Морава и долината на Пчиња, АИ Београд, Кн. 52, Београд–Куманово.

Vasić R. 1987: Gevgeliska grupa starijeg gvozdenog doba, *PJZ* V, Sarajevo 1987.

Vasić R. 2002: Bronzeni privezak iz Radenkovika, *Zbornik Muzeja Srema* 5, Sremska Mitrovica, 2002.

Vasileva Z. – Minkov P. 2018: Cultural influences and Long distance Contacts during the 3rd Millenium BC, *Gold and Bronze*, NAIM, Sofia 2018.

Videski Z. 2005: The Bronze Age at Vardarski Rid, *Vardarski Rid Tom I*, Fil. Fak., Skopje 2005.

Видески З. 2005: Енеолитска населба Врањак, с. Варвара-Скопско, *ЗММ - Археологија* 2, Скопје 2005.

Видески З. 2006: Мат сликаната керамика од доцнобронзенодопската некропола Димов Гроб, с. Уланци – Градско, *Folia Archaeologika Balkanica* 1, Скопје 2006.

Garašanin M. 1982: The Bronze Age in the Central Balkan Area, *CAH* vol. III/1, Cambridge 1982.

Garašanin M. 1983: Podunavsko-balkanski kompleks, *PJZ* IV, Sarajevo 1983.

Iliev J. 2017: Толос просторијата во владетелската палата во Билазора, *Giving Gifts to God*, Proceeding of the International Conference, Kumanovo 2017.

Jovanova L. 2015: Skupi - Necropoli, *Inventaria Archaeologica Personarium* II, Skopje 2015.

Jovcevska T.2008: Manastir - nekropola od preodniot period od docnoto bronzeno vo zelezno vreme, Naroden Muzej Veles, Veles 2008.

Kilian K. – Dirlmeir I. 1979: Anhanger in Griechenland von der mykenischen bis zur spatgeometrischen Zeit, *PBF* XI/2, Munchen 1979.

Kilian K. 1975: Trachzubehor der Eisenzeit zvischen Agais und Adria, *Pr. Z.* 50, Berlin 1975.

Китаноски В. 1978: Ранобронзенодопски гробови од Варош кај Прилеп, *Maced. acta archaeol.* 4, Прилеп 1978, 33–58.

Luci K. 1997: Relation Between Kosovo and Mycenae during the Bronze Age, *Macedonia and the Neighboring Regions from III to I Millenium BC*, Struga 1997.

Luci K. 2007: Dating the Donja Brnjica Culture Baset on the Metal Finds, *Strymon Praehistoricus*, Gerda Henkel Stiftung, Sofia 2007.

Mikulčić I. 1960: Mogili od Orlova Čuka kaj selo Star Karaorman, *ZNMS* 2, Štip 1960.

Mikulčić I. 1976: Die Lage von Bilazora (Ubikacija na Bilazora), *God. Zbornik na Fil. Fak.* 2 (28) Skopje 1976.

Митревски Д. 1988: Карактеристични форми на „Македонски Бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, *Maced. acta archaeol.* 9, Скопје 1988.

Mitrevski D. 1994: A Brnjica Type Necropolis near Skopje, *Starinar* XLIII-XLIV, Beograd 1994.

Mitrevski D. 1997: Proto-Historical Communities in Macedonia, *RZZSK* XXVII, Skopje 1997.

Mitrevski D. 1998: New Aspects of the Bronze Age Sites on the Northern Periphery of the Mycenaean World, *Mensch und Umwelt in der Bronzezeit Europas*, Oetker-Voges Verlag, Kiel 1998.

Mitrevski D. 1999: The spreading of the Mycenaean Culture through the Vardar Valley, *Ancient Macedonia* VI, t. 2, Thessaloniki 1999.

Митревски Д. 1999: Гробот на Пајонската свештеничка од Марвинци, *Maced. acta archaeol.* 15, Скопје 1999.

Mitrevski D. 2007: Priestess Burials of the Iron Age in Macedonia, *Situla* 44, Ljubljana 2007.

Митревски Д. 2013: Праисторија на Република Македонија, *Македонија – Милениумски факти*, Кн. 1, Скопје 2013.

Mitrevski D. 2012: Lower Vardar or Amphaxitis pottery from the Iron Age, *Archaic pottery of the Northern Aegean and its Periphery (700-480 BC)*, Aristot. Univ., Thessaloniki 2012.

Mitrevski D. 2016: *Ancient Bylazora – A Capital of the Independent Paeonians*, Slavjanski Univerzitet, Sveti Nikole 2016.

Mitrevski D. 2018: Bilazora - vladetelski kompleks, *Monumenta* 2, MANU, Skopje 2018.

Mitrevski D. 2019: The Ruller's Palace in Bylazora - Capital of the Independent Paeonians, *Zbornik radova u čast R. Vasića*, Arch. Ins. SANU, Beograd 2019.

Mitrevski D. 2019a: Classical Pottery from the Royal Palace in Bylazora, *Classical Pottery of the Northern Aegean and its Periphery* (*480-300 BC*), Univ. Stud. Press, Thessaloniki 2019.
Mitrevski D. 2021: Paeonian Cult bronzes – Top of the Iron Age Toreuthics, *Science and Continuity*. Fil. Fak. Skopje, Skopje 2021.
Nacev T. – Jovanov M. 1996: Lokalitet "Orlova Čuka", Tumul III, *Maced. acta archaeol.* 14, Skopje 1996.
Nasteva I. – Videski Z. 1996: Bronzenodopski grob od Markova Sušica kaj Skopje, *Maced. acta archaeol.* 14, Skopje 1996.
Papazovska A. 2018: *Некрополите на Мали Дол*, Каталог од изложба, Музеј на град Неготино, Неготино 2018.
Papazovska A. 2019: Mali Dol - Praistoriska nekropola kaj seloto Tremnik, Negotino, *Maced. acta Archaeol.* 21, Skopje 2019.
Papazovska A. – Huseinovski B. 2019: *Status symbols of Paeonian societies*, Arh. Muz. Skopje 2019.
Podzuweit C. 1979: Spatmykenische keramik von Kastanas, *Jahr. der RGZM* 26, Mainz 1982.
Podzuweit C. 1986: Der Spatmykenische einfluss in Makedonien, *Anc. Maced.* IV, Thessaloniki 1986.
Prendi F. – Bunguri A. 2008: *The Early Bronze Age in Albania*, IA, Prishtine 2018.
Рујак З. – Сламков Е. 2021: Езерска наколна населба Мрдаја –Дојран од доцната бронзена епоха и преодот помеѓу бронзеното и железно време, *Maced. acta Archaeol.* 23, Скопје 2021.
Robinson D. M., Mylonas G. E. 1946: *Excavations at Olynthus, Domestic and public architecture*, Part XII, Baltimore-London-Oxford 1946.
Saatsoglou-Paliadeli Ch. 2001: The Palace of Vergina - Aegae and its Surroundings, *The Royal Palace Institution in the First Millennium BC*, Monographs of the DIA Vol. 4, Athens 2001.
Станковски Ј. 2002: Татиќев Камен - Кокино, мегалитска опсерваторија и светилиште, *Музејски гласник* 7-9, Народен Музеј Куманово, Куманово 2002.
Stankovski J. 2007: *Kokino - tvrdina na sonceto*, Muzej Kumanovo, Kumanovo 2007.
Stankovski J. – Temelkovski A. 2017: Two rock-cut ritual complexes in the area of Prilep and Kratovo, *Giving Gifts to God, Proceeding of the International Conference*, Kumanovo 2017.
Stefanovich M. – Bankoff H. A. 1998: Kamenska Čuka 1993-95 – Late Bronze Age Site in Southwest Bulgaria, *James Harvey Gaul: In memoriam*, Sofia 1998.
Stefanovich M. – Kulov I. 2007: Krsto Pokrovnik Excavations at a Late Bronze Age Site in the Middle Struma River Valley, *The Struma/Strymon river valley in prehistory*, Gerda Henkel Stiftung, Sofia 2007.
Трајковска Л. 1999: Градиште - Пелинце, *Maced. acta archaeol.* 15, Skopje 1999.
Hammond N. G. L. 1972: *A History of Macedonia*, Vol. 1, Oxford 1972.
Hansel B. 1982a: Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v. Chr, *PAS* Band 1, Berlin 1982.
Heurtley W. A. 1939: *Prehistoric Macedonia*, Cambridge 1939.
Casson S. 1926: *Macedonia, Thrace and Ilyria*, Oxford 1926.